# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.44 од 05.03.2014 година**

## Член 1

Во Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13 и 72/13), во членот 7 став (1) алинејата 3 се менува и гласи:

"- геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен надземен линиски инфраструктурен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден објектот, односно геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен подземен линиски инфраструктурен објект без имотен лист за земјиштето под кое е изграден објектот;".

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "односно повеќе од три години доколку се работи за бесправен надземен линиски инфраструктурен објект - вод за електрична енергија кој е во функција на електронски комуникациски мрежи и средства за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа."

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Во случаите кога предмет на утврдување на правен статус е бесправен надземен линиски инфраструктурен објект кој е поставен на столбови се доставува имотен лист и се решаваат имотноправните работи согласно со ставот (2), односно ставот (3) на овој член, само за земјиштето на кое е изграден столбот.

(5) Ставовите (2) и (3) на овој член не се применуваат за бесправни подземни линиски инфраструктурни објекти."

## Член 2

Во членот 9 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) По исклучок од ставот (1) на овој член не се утврдува фактичката состојба на самото место и не се составува записник за извршен увид на самото, доколку барањето за утврдување на правен статус се однесува за подземни линиски инфраструктурни објекти."

## Член 3

Во членот 13 став 1 алинеја 4 по зборовите: "а барателот земјиштето го користи повеќе од 20 години" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно повеќе од три години доколку се работи за бесправен надземен линиски инфраструктурен објект - вод за електрична енергија кој е во функција на електронски комуникациски мрежи и средства за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа".

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Во случаите кога предмет на утврдување на правен статус е бесправен надземен линиски инфраструктурен објект кој е поставен на столбови, условот од ставот (1) алинеја 4 на овој член се однесува само за земјиштето на кое е изграден столбот.

(3) Условите од ставот (1) алинеи 2 и 4 на овој член не се применуваат за бесправни подземни линиски инфаструктурни објекти."

## Член 4

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" број 155/12), во членот 24 зборовите: "најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето

во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите: "најдоцна до 31 декември 2015 година".

**Член 5**

Имателите на бесправни доградби на објекти со намена домување во станбени згради - тераси и тераси пренаменети во станбен простор, кои немаат поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, а на кои објекти заклучно со 3 март 2011 година се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна и функционална целина, можат да поднесат барање за утврдување на правен статус на бесправен објект најдоцна до 30 јуни 2015 година.

**Член 6**

Бесправните линиски инфраструктурни објекти - водоводни и канализациони системи, за кои не е поднесено барање за утврдување на правен статус во рокот утврден во членот 5 став (2) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" број 23/11), се запишуваат во јавната книга за запишување на правата на недвижности со право на сопственост на Република Македонија врз основа на одлука наВладата на Република Македонија.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".